# ПЛАН И ПРОГРАМА ЗА СУПСПЕЦИЈАЛИЗАЦИЈА ПО МЕДИЦИНСКА КОЗМЕТОЛОГИЈА

| | |
|---|---|
| **Наслов на супспецијализацијата** | **Медицинска козметологија** |
| **Звање со кој се стекнува по завршување на супспецијалистичкиот испит** | **Супспецијалист по медицинска козметологија** |
| **Траење на супспецијализацијата** | **18 месеци** |

Супспецијализацијата по медицинска козметологија треа 18 месеци. Ефективното време прредвидено за супспецијализација во принциип се дели, така да 2/3 од времето припаѓаат на практичната и 1/3 на теоретска ннастава. Супспециијализацијата ќе се изведува на Клиниките при Клиничкиот Центар, Медицински Факултет во Скопје и тоа:

- на Клиниката за дерматовенерологија 6 месеци

-на Клиниката за пластична и реконструктивна хирургија 6 месеци

-останати Клиники при Медицинскиот факултет при Универзитетот

"Св.Кирил и Методиј"-Скопје 4 месеци

-Институт за онкологија (2 месеци)

-"Алкалоид" козметика-Скопје (2 месеци)

-приватна здравствена козметолошка организација 2 месеци

(можна е алтернатива да се изведе еден дел од турнусот во некој поголем центар во странство, но за тоа ќе треба да се изврши проверка на стекнатото знаење).

## II. ОРГАНИЗАЦИЈА И МЕТОДОЛОГИЈА НА НАСТАВАТА

На почетокот на супспецијализацијата на секој супспецијализант му се одредува ментор. Наставата е индивидуална а истата ја планира, контролира и усмерува менторот или неговиот заменик, кој исто така го усмерува специјализантот во релевантната и актуелан стручна литература. Покрај тоа теоретското знаење се збогатува покрај обавезни присуства на конгреси, семинари, стручни предавања, стручни конфронтации и конзилиуми, како и

со директни комуникации во тек на практичната работа со предметните наставници и истакнати стручњаци по соодветната област.

Практичната настава се изведува на клиниките, одделенијата и одсеците за дијагностика и терпаија, во специјалистичките амбуланти, во операционите сали и во тек на секојдневните рутински стручни активности.

Контролата и проверката на стручното знаење го вршат, покрај менторот и предметните наставници спрема наставниот план и програма.

III.

НАСТАВАЕН ПРОГРАМ

ОБЕМ НА ЗНАЕЊЕ

А.)Тоеретски знаења

Детални познавања од областа на специјална дерматологија со назначеност кон медицинска козметологија :

- потребни познавања од: анатомија, хистологија, физиологија и биохемија на кожата, аднекситe и слузниците.

- Познавање на етиопатогенезата на кожата, пред се генетски, ендокрини и старосно условени алергиски дерматити и кожни болести од нарушен метаболизам, невуси, кожни тумори и болести кожните аднекси.

- Познавање на основните патолошки промени на кожата, посебно кожните тумори, невуси и цисти.

- Познавање на дифернецијалнта дијагностика на кожните болести со акцент на тумори, невуси, цисти, аднекси и кожни болести предизвикани од УВ зрачење и старост.

- Познавање на употребуваните методи за испитување и дијагностика и нивно вреднување.

- Познавање наопштите дерматолошки тераписки индикации и фармакотерапија, несакани дејства на лековите во медицинската козметологиска рецептура.

- Детални познавања (теоретски) на кожна хирургија, естетска дерматологија, лекарска козметологија и козметика.

- Детални познавања за физикална дерматолошка терапија (посебно лекување со зрачење, УВ зрачење, фотохемиско и фотодинамичко лекување ласеротерапија, биоптрон терпаија, криотерапија).
- Познавање од областа на дерматолошката нагиологија и проктологија.
- Познавање од областа на андрологијата, вклучително оперативни зафати на машките гениталии (теоретски).
- Познавање од областа на превенција, дијагностика и трерапија на кожни болести во детството, вродени мани, кожни малигнитети.

Стандардни и специјални испитувачки дијагностички и лабораториски методи

- Цела анамнеза, целосно клиничко испитување и преглед; морфолошки и функционални промени на кожата (топлина, масност, потење, еластичност, тургор).
- Земање материјал од кожа и кожни аднекси за микробиолошко и патохистолошко испитување.
- Микроскопоско испитување на бактерии и габички.
- Епикутани и субкутани тест методи, пред се насочени на козметика.
- Испитување на циркулација на долни екстремитети.
- Подготовка и читање на трихограм.

Терапевтски и лечебни методи дејствија и постапки

- Целосна и делумна дерматолошка терапија со климатотерапија и таласотерапија.
- Фототерапија, фотодинамско лекување.
- Актинотерпаија на кожни тумори.
- Лекување со ласер.
- Елктрофируршки зафати и електролекување во естетската дерматологија.
- Хемотерпаија, вклучително хемиски пилинг.

- Криотерапија и криодеструкција.

- Постапки употребувани во превентива и лекување лекување во дерматолошка козметика (длабинско чистење на кожата, маски за лице, облоги и др.).

- Техника на масирање, козметичко, превентивно и лечебно.

- Техника на апликација на материи употребувани во естетската дермаотологија, естетската хирургија, на пр. при аугментација на кожа и поткожа, при отстранување на брчки; колаген, хијалуронска киселина.

- Познавање на употреба на протетски помагала ( контактни леќи).

- Техника на корективна тетоважа.

Хируршки методи и постапки

- техника на локална анестезија.

- стопирање на крвавење.

- пункција, инцизија, абразија, киретажа, екскохлеација.

- Дермаоабразија.

- дијагностичка ексцизија.

- терапевтска ексцизија (бодеж, скалпел).

- операција на нокти и околина.

- Липосукција.

- познавање на хируршка пропедевтика, посебно основи на работа во операциона сала.

- познавање на основите на пластична хирургија (физиолошко оперирање на кожата).

- познавање од областа на козметичка хемија, генетика, онкологија, имунологија, алергологија, анестетска реанимација, лекарска психологија, педијатрија и геронтологија.

Г.) Административни работи, легислатива

- Познавање на концепцијата на субспецијализацијата (правна процедура).

- Познавање за водење на документација.

- Познавање на функцијата и правосилноста на практикантот при дијагностиката и лекување на кожните болести и познавање на дејствијата на медицински козметолог во приватната пракса.

- Познавање на можноста за соработка со пластична естетска хирургија, лицева хирургија, урологија, гинекологија, ОРЛ, офтамологија.

- Познавање за примена на социјалните аспекти и начин на решавање на случаи на хронични и тешки болести.

Познавање на основите за соработка на здравствена документација со компјутерски методи.

IV.

ВО ИНДЕКСОТ ТРЕБА ДА СЕ НАВЕДЕНИ ИЗВРШЕНИТЕ ЗАДАЧИ И ТОА:

Индекс на вештини

- 25 екцизии на нетуморски кожни форми, невуси или бенигни кожни тумори.

- 10 екцизии на поткожни форми (цисти, хипоми, метастази).

- 3 оперативни зафати на нокти.

- 3 асистенции при ласерски третман.

- 1 асистенција кај липосукција.

- 15 криодеструкции.

10 изведби на средно-длабок или длабок хемиски пилинг.

- 10 епилации (игла, скинлајн, ласер).

- 5 аугментации на кожа (хијалуронска киселина, колаген и др.).

- 2 апликации на ботулотоксин А.

ВРЕДНУВАЊЕ НА СУПСПЕЦИЈАЛИСТИЧКАТА ПОДГОТОВКА

Во текот на супспецијализацијата проверката на севкупната апсолвирана теоретска и практична подготовка, се изведува преку колоквиуми - практични и теоретски. Нивниот број и обем може да биде договорен со менторот и одговорните наставници.

- услови за излегување на испит:

а. Апсолвирање на задолжителната обука.

б. Доставуваање список на завршени интервенции.

- квалификации на субспецијалноста:

а. теоретски дел - 3 стручни прашања, едно од општа дерматологија со акцент на медицинска козметологија, две од медицинска козметологија, фокусирани на техники и постапки.

б. практичен дел - практично спроведување на некоја од техниките или постапките.